**ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ**
**на Вардарски плански регион**
**CENTRE FOR DEVELOPMENT**
**of Vardar planning region**

Центар за развој на
ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-188/4
03.12 20 19 год
ВЕЛЕС

Врз основа на член 20 став 1 алинеја 4 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ бр. 63/07, 187/13, 43/14, 215/15 и 64/2018), член 2 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Советот за развој на Вардарски плански регион, Советот за развој на Вардарски плански регион на седницата одржана на ден 03.12.2019 година донесе:

## ОДЛУКА

***За усвојување на Годишна листа на предлог – проекти за развој на Вардарски плански регион за 2020 година финансирани од страна на Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој***

### Член 1

Со оваа Одлука се усвојува Годишна листа на предлог – проекти за развој на Вардарски плански регион за 2020 година врз основа на приоритетност со која што ќе се аплицира до Програмата за рамномерен регионален развој на Министерство за локална самоуправа – Биро за регионален развој.

### Член 2

Предлог – проектите за развој на Вардарскиот плански регион за 2020 година се рангираат според следниот редослед:

1. Одржување на чиста и здрава животна средина преку набавка на специјализирани возила за потребите на ЈКП во општините Лозово, Демир Капија, Неготино и Росоман;
2. Подобрување на патната инфраструктура преку реконструкција на локални патни правци од село Горно Врановци до регионален пат Р 2344 Чашка – Дреново, општина Чашка (втора фаза) и улица 1 во село Подлес, општина Градско;
3. Подобрување на квалитетот на услугите од областа на културата преку зголемување на енергетската ефикасност на Домот на Култура во општина Свети Николе;
4. Подобрување на животниот стандард на граѓаните во Вардарски плански регион преку изградба на систем за водоснабдување во село Отовица, општина Велес;
5. Заштита на животната средина во Вардарскиот регион преку финализирање на речното корито на река Луда Мара, Општина Кавадарци.

### Член 3

Како дополнителни резервни проекти на оваа листа се предлагаат:

1. Зајакнување на капацитетите на ТППЕ во општина Велес, Неготино и Свети Николе преку набавка на високо професионална, лична заштитна опрема согласно европските стандарди.
2. Подобрување на патната инфраструктура преку реконструкција на приостапен пат с. Долно Чичево – манастир св. Архангел Михаил, општина Градско.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

Советот за развој на Вардарски плански регион
Претседател
Аце Коцевски

*Центар за развој на Вардарски плански регион – Велес*
*Ул.Шефки Сали бр.4, 1400 Велес*
*Тел:043/615-353*
*www.vardarregion.gov.mk*
*info@vardarregion.gov.mk*